**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ШТИП**

# К О Н К У Р С

## ЗА ЗАПИШУВАЊЕ СТУДЕНТИ НА ТРЕТ ЦИКЛУС СТУДИИ – ДОКТОРСКИ СТУДИИ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ВО УЧЕБНАТА 2016/2017 година

**Штип, 2016 година**

Во согласност со член 108 став 12 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.35/08, 103/08, 26/09, 99/09, 115/2010, 17/2011, 51/2011, 123/12, 15/13, 24/2013, 41/14,116/14, 130/14, 10/15, 20/2015, 98/15145/15, 154/15 и 30/16), член 362 од Статутот, одредбите од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус-докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Одлуката бр. 0202-277/4 од 17.03.2016 година донесена на 136та седница на Ректорската управа на Универзитетот одржана на 17.03.2016 година, Одлуката на Владата на РМ бр. 42-6103/1 од 17.08.2016г. (Сл.весник на РМ бр. 158/2016), Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип објавува

# К О Н К У Р С
## за запишување студенти на трет циклус студии-докторски студии на студиските програми на Универзитетот „Гоце Делчев “ во Штип во учебната 2016/2017 година

**СЕ ОБЈАВУВА КОНКУРС** за запишување на студенти на трет циклус студии во учебната 2016/2017 година на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на студиските програми на Универзитетот:

1.Студиски програми, број на студенти и износ на школарината

| Студиски програми | Број на студенти | ЕКТС | траење |
|---|---|---|---|
| Кампус 2<br>Природно – математички, Биотехнички науки и Техничко – технолошки накуки | | | |
| | | | |
| **Наука за земјиштето и хидрологија** | 4 | 180 | Три години ( шест семестри) |
| **Рударство** | 21 | 180 | Три години ( шест семестри) |
| **Применета геологија и геофизика** | 12 | 180 | Три години ( шест семестри) |
| **Биотехнологија,селекција и семепроизводство** | 12 | 180 | Три години ( шест семестри) |
| **Лозарство** | 6 | 180 | Три години ( шест семестри) |
| | | | |
| **Поледелско производство** | 15 | 180 | Три години ( шест семестри) |
| **Преработка и контрола на анимални производи** | 3 | 180 | Три години ( шест семестри) |
| **Фитомедицина** | 9 | 180 | Три години ( шест семестри) |
| **Енологија** | 6 | 180 | Три години ( шест семестри) |
| | | | |
| **Машинство** | 10 | 180 | Три години ( шест семестри) |
| **Компјутерска техника** | 4 | 180 | Три години ( шест |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **и информатика** | | | семестри) |
| **Наука и технологија за текстил** | 4 | 180 | Три години ( шест семестри) |
| | | | |
| **Наука и технологија на композитни материјали** | 5 | 180 | Три години ( шест семестри) |
| Кампус 3<br>Факултет за медицински науки | | | |
| **Стоматологија, модул:базични клинички истражувања во дентална медицина** | 1 | 180 | Три години ( шест семестри) |
| **Аналитика на лекови** | 8 | 180 | Три години ( шест семестри) |
| **Невронауки** | 10 | 180 | Три години ( шест семестри) |
| **Фармацевтски науки*** | | 180 | Три години ( шест семестри) |
| **Базични и клинички истражувања во медицината*** | | 180 | Три години ( шест семестри) |
| Кампус 4 | | | |
| Филолошки факултет | | | |
| **Македонски јазик,книжевност и култура** | 15 | 180 | Три години ( шест семестри) |
| Економски факултет | | | |
| **Деловна економија** | 9 | 180 | Три години ( шест семестри) |
| Факултет за туризам и бизнис логистика | | | |
| **Туризам и угостителство** | 10 | 180 | Три години ( шест семестри) |
| Факултет за образовни науки | | | |
| **Училишна педагогија** | 8 | 180 | Три години ( шест семестри) |
| **Воспитанието и образованието во раниот детски развој** | 8 | 180 | Три години ( шест семестри) |

*На овие студиски програми ќе се запишат студенти, ако до денот на уписот се добие решение за акредитација на студиската програма и ментори и решение за почеток со работа.

Изведување на наставата и полагање на испитите ќе се одвива на единиците на Универзитетот во Штип.

Листата на потенцијални ментори со број на слободни места по студиски програми е објавена на веб страната на Универзитет во секцијата Трет циклус студии.

**Право на запишување имаат кандидати кои ги исполнуваат следниве општи услови:**

-завршен II циклус на студии усогласени со европскиот кредит- трансфер систем (во натамошниот текст: ЕКТС- кредити ),
- завршени постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит- трансфер систем,
-активно познавање на странски јазик (оригинал или фотокопија заверена кај нотар) – документ од Институт за јазици при Универзитетот„Гоце Делчев“ во Штип или меѓународно признат сертификат (TOEFL, IELTS, TOLES, ILEC);

**Дополнителни услови:**

**На студиските програми:**

**Биотехнологија, селекција и семепроизводство, Лозарство, Наука за земјиштето и хидрологија, Поледелско производство, Преработка и контрола на анимални производи, Фитомедицина и Енологија кандидатите е потребно да имаат**:

1.Завршени универзитетски студии од прв и втор циклус во обем од 300 ЕКТС;
2.Просечна оценка од вториот циклус на студии од најмалку 8,0;
3.Активно познавање на странски јазик;
На докторски студии може да се запише лице кое завршило соодветни студии од втор циклус. Канидатите кои не завршиле соодветни академски студии од втор циклус, односно за кандидатите од сродна научна област, Наставно-научниот совет на докторски студии на кампусот утврдува дополнителни услови за запишување на докторски студии.

**На студиската програма Рударство**

1.На трет циклус на студии во траење од три години (180 кредити според ЕКТС) може да се запишуваат кандидати со завршен втор циклус на студии од студиски програми од рударство и други студиски програми од сродни технички факултети.

**На студиската програма Применета геологија и геофизика**

**1.** На трет циклус на студии во траење од три години (180 кредити според ЕКТС) може да се запишуваат кандидати со завршен втор циклус на студии од студиски програми од геологија, рударство и други студиски програми од сродни технички факултети.

**На студиската програма: Машинство**

1.На трет циклус на студии во траење од три години (180 кредити според ЕКТС) може да се запишуваат кандидати со завршен вторциклус на студии од студиски програми од машински факултет и сродни технички факултети.

**На студиската програма Наука и технологија за текстил**

1.На трет циклус на студии во траење од три години (180 кредити според ЕКТС) може да се запишуваат кандидати со завршен втор циклус на студии од студиски програми од технолошки факултети, студиски програми по

информатика и компјутерско инженерство, студиски програми од сродни технички факултети.

**На студиската програма Наука и технологија на композитни материјали**

1.На трет циклус на студии во траење од три години (180 кредити според ЕКТС) може да се запишуваат кандидати со завршен втор циклус на студии од студиски програми од технолошки факултети, студиски програми по информатика и компјутерско инженерство, студиски програми од сродни технички факултети.

**На студиската програма Базични и клинички истражувања во дентална медицина на Факултетот за медицински науки кандидатите е потребно да имаат**

-Диплома и уверение за завршен интегриран прв и втор циклус на студии според Болоњската декларација во подрачјето на стоматолошки науки (општа стоматологија, дентална медицина) и стекнати 300 ЕКТС.

-Диплома за завршени магистерски студии (за студентите што завршиле по старите студиски програми) од областа на стоматолошки науки.

-Просек над 8.00 од додипломските и магистерските студии.

-Познавање на англиски јазик (доказ - сертификат од овластени институции за странски јазици од Македонија, или меѓународен сертификат за англиски јазик TOEFL,CAE, FCE).

**На студиската програма по Невронауки на Факултетот за медицински кандидатите е потребно да имаат**

-Диплома и уверение за завршен интегриран прв и втор циклус на студии според Болоњската декларација во подрачјето на медицински науки, и стекнати најмалку 300 ЕКТС.

-Диплома за завршени додипломски и магистерски студии (за студентите што завршиле по старите студиски програми) од областа на медицинските науки (неврологија или психијатрија), од психолошките науки (невропсихологија или когнитивна психологија), компјутерски науки (сродни области на невронауките) или завршени специјализации (неврологија, психијатрија, неврохирургија, радиологија, невропсихијатрија).

-Просек над 8.00 од додипломските и магистерските студии поединечно.

-Познавање на англиски јазик (доказ - сертификат од овластени институции за странски јазици од Македонија, или меѓународен сертификат за англиски јазик TOEFL, CAE, FCE).

**На студиската програма по Аналитика на лекови на Факултетот за медицински кандидатите е потребно да имаат**

-Диплома и уверение за завршен интегриран прв и втор циклус на студии според Болоњската декларација во подрачјето на фармацевтските науки и стекнати најмалку 300 ЕКТС,

-Диплома за завршени магистерски студии,

-Просек над 8.00 од додипломските и магистерските студии поединечно,

-Познавање на англиски јазик (доказ - сертификат од овластени институции за странски јазици од Македонија, или меѓународен сертификат за англиски јазик TOEFL, CAE, FCE).

**На студиската програма Македонски јазик,книжевност и култура**

1.На трет циклус на студии во траење од три години (180 кредити според ЕКТС) може да се запишуваат кандидати со завршен втор циклус на студии од студиски програми од филолошки факултети.

**На студиската програма Туризам и угостителство**

**1.**Завршени универзитетски студии од прв и втор циклус во обем од 300 ЕКТС;
**2.**Просечна оценка од вториот циклус на студии од најмалку 8,0;
**3.**Активно познавање на странски јазик.

**На студиската програма Училишна педагогија**

1. завршени универзитетски студии од прв и втор циклус во обем од 300 ЕКТС;
2. средна оценка од вториот циклус на студии од најмалку 8.0;
3. познавање на странски јазик;
4. интервју со кандидатите пред влегување во потесниот изборен круг;

**На студиската програма Воспитанието и образовнието во раниот детски развој**

1. завршени универзитетски студии од прв и втор циклус во обем од 300 ЕКТС;
2. средна оценка од вториот циклус на студии од најмалку 8.0;
3. познавање на странски јазик;
4. интервју со кандидатите пред влегување во потесниот изборен круг.

На докторски студии може да се запише лице кое завршило соодветни студии од втор циклус.

Канидатите кои не завршиле соодветни академски студии од втор циклус, односно за кандидатите кои завршиле втор циклус студии од сродна научна област, Наставно-научниот совет на докторски студии на кампусот утврдува дополнителни услови за запишување на докторски студии.

Школарината за студирање на трет циклус-докторски студии е целосно на товар на студентот и изнесува за шест семестри вкупно 3.000 ЕУР (пресметано во денари по среден курс на НБРМ на денот на уплатата). Школарината за странски државјани изнесува за шест семестри вкупно 6.000 ЕУР.

Школарината за студирање на трет циклус-докторски студии се уплаќа при запишувањето на секој семестар односно на шест еднакви рати по 500 (по1000 за странските студенти) ЕУР ( денарска противвредност).

За спроведување на постапката за пријава, оценка и одбрана на докторскиот труд, студентот плаќа надомест во износ од 2.150 ЕУР (пресметано во денари по среден курс на НБРМ на денот на уплатата). Овој износ студентите го уплатуваат најкасно 10 дена пред одбраната на докторскиот труд.

Трошоците кои ќе произлезат од користењето на одредени лаборатории на Универзитетот при изработката на докторскиот труд се специфицираат посебно во согласност со соодветната катедра и истите кандидатот ги надоместува во тек на студиите до одбраната на докторскиот труд.

Надоместоците што ги плаќаат студентите за образование и административни услуги на Универзитетот се врз основа на Одлуката за

висината на надоместоците што ги плаќаат студентите за образование и административни услуги на Универзитетот за прв, втор и трет циклус на студии.

**Пријавувањето се врши** на формулари што кандидатите можат да ги набават во универзитетските книжарници.

**Со пријавата кандидатите треба да достават:**

1.Доказ за завршени посдипломски студии или втор циклус на студии (диплома оригинал или фотокопија заверена кај нотар), кандидатите кои завршиле во странство и кандидатите странски државјани да доставаат решение за еквиваленција и признавање на високобразовната квалификација стекната во странство за завршен втор циклус студии);

2.Уверение за положени испити со оценки и кредити (оригинал или фотокопија заверена кај нотар), кандидатите кои завршиле во странство и странските државјани доставуваат решение за еквиваленција на оценките;

3.Уверение за државјанство (оригинал или фотокопија заверена кај нотар), странските државјани доставуваат фотокопија (преведена од овластен преведувач) од важечка патна исправа заверана на нотар;

4.Доказ за активно познавање на странски јазик (оригинал или фотокопија заверена кај нотар) – документ од Институт за јазици при Универзитетот„Гоце Делчев“ во Штип или меѓународно признат сертификат (TOEFL, IELTS, TOLES, ILEC, CSPE);

5.Кратка биографија (CV).

**Пријавувањето на кандидатите се врши од 31.08.2016 до 15.11.2016 година.**

Пријавата со наведената документација се доставува до Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, ул „Крсте Мисирков“ бр 10 - А, Студентска служба за III циклус студии (ректорат).

Пријавите на кандидатите со некомплетни документи нема да бидат разгледувани.

Постапката за запишување на кандидатите на трет циклус-докторски студии ја спроведува Универзитетска конкурсна комисија. Рангирањето на кандидатите го врши Универзитетската конкурсна комисија.

Ранг-листата се објавува на огласна табла на Универзитетот и единицата, како и на веб-страницата на Универзитетот и единицата. Кандидатот кој смета дека постапката не е правилно спроведена има право на приговор до Универзитетската конкурсна комисија, во рок од 24 часа од денот на објавувањето на резултатите на огласната табла на Универзитетот, односно единицата. Одлуката по приговорот се донесува во рок од 24 часа од поднесувањето на приговорот. Одлуката му се соопштува на подносителот на приговорот со истакнување на огласна табла, а воедно се објавува и на веб-страницата на Универзитетот и на единицата.

Кандидатот го остварил правото на запишување доколку се наоѓа на ранг-листата до бројот што е предвиден со Конкурсот за запишување, но доколку во предвидениот рок нема да го изврши запишувањето го губи правото и наместо него правото на запишување го стекнува наредниот кандидат од ранг-листата.

На основа на изготвената ранг листа и писмената согласност на менторите од листата на ментори за менторство на даден кандидат за соодветната студиска програма, Наставно-научниот совет на докторски студии на кампусот на Универзитетот донесува Одлука за запишување на кандидатите во трет циклус–докторски студии. Донесените одлуки ги верификува ректорската управа.

**При запишувањето, примените кандидати поднесуваат:**

1. индекс;
2. три фотографии (2 од 6x9; 1 од 4x5);
3. пријавни листови;
4. странските студенти доставуваат и потврда за завршена настава по македонски јазик од Институтот за јазици при Филолошкиот факултет на Универзитетот„Гоце Делчев“ во Штип;
5. оригинал уплатници како доказ за уплатени средства за студирање на трет циклус-докторски студии, надоместоци за образование и административни трошоци
6. потврда за лично годишно осигурување во осигурителна компанија по избор на студентот, со минимален износ од 150,00 денари годишно, а за онолку години колку шта траат студиите

При уплаќање на ставките под точка 5 и 6 личните податоци на уплатницата (име, презиме, адреса на живеење и ЕМБГ), задолжително да бидат од студентот што се запишува.

**ЗАБЕЛЕШКА**

Детални информации за условите за запишување на секоја од објавените студиски програми, потребната документација, заинтересираните кандидати може да ги добијат во Службата за студенти за трет циклус студии при Универзитетот, на соодветните единици каде се одвиваат студиските програми и на web страната на Универзитетот и единиците.

Тел.за контакт:032-550-032

**Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип**

Конкурсот е објавен на интернет-страницата:

http://www.ugd.edu.mk